# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2026

*Сабота, 3 јануари 2026*

мисионска проповед

## „ТОЈ БЕШЕ СВЕТИЛО...“

Во својата милост Бог ни дарува уште еден период од 365 дена. Никој меѓу нас не знае уште колку такви временски периоди ќе му бидат подарени на секој поединец и на целата планета.

Зошто секогаш одново Бог ни подарува такви временски периоди? Дали тоа значи дека можеби оние претходните не сме ги употребиле добро? Можеби се обидува да ни даде нови прилики да поправиме некој пропуст од минатото? Дали можеме да дадеме некое друго објаснување? Колку би било прекрасно кога Исус, за минатите денови од нашиот живот, би го рекол истото што го кажал за плодните и извонредно употребени денови во краткиот живот и служба на Јован Крстителот: „Тој беше светило, што гореше и светеше...!“ (Јован 5,35).

На Јован му биле подарени околу триесет години. Како и на сите нас, и нему ова време му било дадено со цел да го употреби најдобро што може - да го прослави Бога.

Поголемиот дел од тоа подарено време тој го искористил да изврши темелна подготовка за големата работа која требало да ја оствари. Тогаш тоа светило се запалило, вели Исус.

Тој не бил некој кој пренесува некое наводно „светило“. Самата светлина што ја носел била запалена лично од Оној кој за себе кажал: „Јас сум Светлината на светот“, Исус Христос. Токму затоа за Јован Исус кажал дека е светило кое „гореше и светеше“.

И тоа светило, среде големата темнина од незнаење во неговото време, надалеку ги фрлала своите зраци.

Луѓето кои талкале низ темнината се радувале со голема радост и биле привлечени со убавината на пламенот на неговата верност, од жарот и топлината на неговата љубов и ревност секого да го упати на патеката на спасението.

Чистата и прониклива светлина, која се ширела од секој негов збор и постапка, го осветлувала секое катче во душата на не-

говите слушатели и им ја откривала потребата за промена и усогласување со откриената светлина која води во вечен живот.

Пронаоѓајќи го она по што копнееле, луѓето го отфрлале својот поранешен живот во темнина и радосно започнувале нов живот. Потоа, со разгорени срца, тргнувале во пресрет на Месија за кого Јован ги подготвувал.

Подготвувајќи го патот за првото Христово доаѓање, Јован, за неполна година, толку совршено го подготвил патот, што Месија ни за момент не морал да го одложува почетокот на мисијата. Исус, Светлината, во која Јован бил само бледо пламенче, сега можел да заблеска со поголем сјај, затоа што човечките духовни очи, со работата на Јован, биле подготвени за тоа.

Меѓутоа, сѐ уште не бил момент за откривање на Христовата божествена слава. Тогаш требало со силен сјај да засвети само светлоста на неговата наука на спасение.

Неговата божествена слава, тогаш грижно скриена и обвиткана со човечкото, ќе засветли во полна сила дури во времето на Неговото второ доаѓање.

Кога по вторпат ќе дојде на земјата, ќе мора засекогаш да ги запали сите корени и гранки на гревот, а на секого кој денес се приготвува, ќе му го дарува ветеното богатство - вечен живот.

Тогаш Тој ќе се појави во полнината на Божјата сила. Гревот и сѐ она што е проникнато со него мора да биде уништено. Бидејќи гревот се наоѓа во човечкото срце, на Бога денес му се потребни весници кои пред второто Христово доаѓање, ќе ги подготват луѓето за средба со Неговата слава.

Каква ли ќе биде таа средба?

**2. Солуњаните 1,8-10**

Силата која ќе ги раскине синџирите на гревот и смртта, која ќе ги воскресне и ќе ги преобрази подготвените свети, во исто време ќе ги уништи неподготвените грешници поради нивните неотфрлени гревови.

Во тој ден ќе остане само оној кој во своето срце негува љубов и послушност. Божественото срце полно со љубов сака се-

кој човек да се спаси и не му е мило ниту еден да биде уништен заедно со уништувањето на злото.

Дали нашите соседи, пријатели и роднини знаат што се случува околу нив? Дали мудро ќе ги употребиме подарените денови што ни претстојат и итно ќе ги поправаме маните на своето срце?

Подготовката, која ја извршил Јован Кристителот за првото доаѓање на Месија, била толку совршена, што Месија воопшто не морал да доцни.

Меѓутоа, кај второто доаѓање има разлика. Подготовката за Неговото доаѓање доцни.

Би биле далеку од вистината кога би тврделе дека денес не работи ниту еден предвесник. Како што го имал Јована Крстителот, така и денес Бог има свои помошници кои работат ревносно и верно.

Меѓутоа, потребите на денешниот свет се големи, пратеници нема доволно, а треба да се осветли целиот свет.

Кога зборуваме за предвесниците, всушност не зборуваме за оние кои повремено, поттикнати на овој или оној начин, искрено сакаат да направат нешто за Господа. Тие тогаш тргнуваат и се обидуваат да направат нешто. Колку што можат најдобро тие даваат совети, упатуваат опомени и повици. Меѓутоа, по кратко време нивното интересирање се гаси.

Зошто се случува тоа?

Одговорот на ова е всушност многу едноставен.

Исус вели за Јован: Тој „гореше и светеше.“ Виделото кое го имал Јован не се палело повремено, во еден момент да болсне, а по извесно време пак послабо да заискри и пак да се угаси. Кога Јован би бил такво Исусово светило, не само што не би привлекол никого кон вистината, туку би ги одбивал од неа.

На очи кои се навикнати на темнина им пречи треперење, нагло палење па гасење на светлината. Кога ќе се појави предизвикува надеж, а кога ќе се угаси предизвикува разочарување и обесхрабрување. Никому не му е потребно такво светило.

И бидејќи не носиме светлина која свети непрекинато од нас, луѓето слушаат само гласови на предупредување, а кога ќе посакаат да тргнат по патот на спасението, не знаат каде да одат. По краткото болснување на нашето светило, тие се нашле во уште поголема темнина, во која сега талкаат, притиснати со обесхрабрување и разочарување.

Всушност, со самите прашања ние го добивме и одговорот. Ние само за момент се разликуваме од околината, а поголемиот дел од времето во многу нешта сме слични на неа. Некои луѓе внимателно го прикриваат она што би можело да ги направи божествени извори на светлина. Дури успеваат во потполност да ја скријат светлината, така што навистина се поистоветуваат со темнината како и сите околу нив. Нивната облека, начинот на однесување, темите на разговор, изворите на забава, па дури и начинот на размислување, често се потполно истоветни со околината. Пламенот на лажната ревност, иако повремено се открива, всушност, со таквиот став, светлината се повеќе грижливо се прикрива и сокрива. Токму затоа во такви моменти никој и не може да биде осветлен со вистинска светлина. Дали е тогаш чудно што таквите луѓе не можат никого да го привлечат кон светлината на вистината? Дали е чудно што таквите на никого не можат да му ја осветлат патеката кон спасението, ниту да го поведат кон славата на вечниот живот?

Ако продолжат да го скриваат пламенот на вистината, ако продолжат да ја намалуваат разликата меѓу себе и околината, трудејќи се да бидат што послични на темнината, скриениот и покриен пламен ќе се угаси и тие конечно ќе останат во потполна темнина.

Ние можеме или да гориме и светиме, или да бидеме ладна, мрачна, погубна темнина. Повремено палење на светило, повременото сведочење нема да донесе никакви резултати. Мора да бидеме постојана Божја светлина. Со молитва и работа мора постојано да долеваме масло - Свети Дух во нашите светилки, за да светиме непрекинато и тоа сѐ појасно, сѐ попробивно

и поприличено. Нашата светлина мора да биде постојана и трајна.

Со зборовите :„Тој беше светило што гореше и светеше“, опишан е возвишениот, свет и плодоносен живот на еден предвесник.

Како предвесници на последниот најголем настан, и на тебе и мене Небото ни дава ист налог:

„И ми рече: малку е да ми бидеш слуга... туку јас ќе те направам светило за народите, за да се рашири спасението од Господа до краиштата на земјата.“

Пламенот на нашата љубов и ревност мора да го осветли сиот свет. Нам ни е дадена и поголема работа, но затоа дарувана ни е поголема сила и нѐ има повеќе.

Ако постојано се молиме и постојано светиме, не прикривајќи го тој прекрасен дар од небото, одамна пророкуваното пророштво на пророк Исаија, може уште во нашите денови да го достигне својот славен врв, онака како тоа Бог одамна го објавил и го испланирал за предвесниците на најголемиот настан.

„А над тебе ќе засветли Господ и славата Негова ќе се јави над тебе. И народите ќе дојдат кон твоето светило, царевите - кон светлината што изгрева над тебе“ (Исаија 60,2.3).

Неговата слава веќе е над тебе. Светлината на неговата вистина веќе го грее и го осветлува твоето срце. Немој да дозволиш што било да те скрие. Оваа година нека засвети со поголема слава од кога било, и нека продолжи да блескоти сѐ до прекрасната вечност. Преку тебе нека бидат осветлени со вечното Господово светило не само поединци, туку и цели групи и народи, и како во времето на Јован, и тие да тргнат со тебе во славната вечност.

*Сабота, 7 февруари 2026*

мисионска проповед

## ЗАГУБЕН И НАЈДЕН

**Лука 15,1-24.**

Како да постапуваме со грешниците и како да ги третираме; дали треба да ги вреднуваме или да ги оставиме на милост и немилост?

Ставот на Исус бил да се дружи со нив, да ги прима и да ги сослуша, па дури и да јаде со нив. На оние кои му упатиле приговор поради ваквиот став, Исус им ги упатил овие зборови:

„Кој од вас, ако има сто овци, и загуби една од нив, не ќе ги остави деведесет и деветте во пустината и не ќе тргне по загубената, додека не ја најде“ (Лука 15,4).

Од некои причини загубената овца отишла од стадото. Се загубила некаде во широката пустина на некои свои желби. Со издвојување од стадото се довела себе во опасност од опасни ѕверови.

Таа не била свесна за тие опасности, потешкотии и неволји кои можат да ја снајдат, како и за загубата на својот живот.

Добриот, пожртвуван и храбар пастир тргнал во ноќта да ја бара загубената овца. Ја сакал својата овца и не жалел труд за да ја пронајде. Почувствувал голема радост кога ја нашол. Изморена и збунета ја ставил на своите плеќи и ја довел во трлото.

Пастирот ги повикал и другите пастири да им ја објави радосната вест дека ја нашол загубената овца.

Пастирот вели дека и небото се радува за една овца. Вредноста на овцата е толку голема што не може да се мери со вредноста во тежината, квалитетот на видот и што и да е друго. Барањето на оваа овца вредело токму затоа што и нејзината вредност била голема. Сето ова може да се примени на загубениот човек.

Една сабота држев лекција во саботношколска класа која се состоеше претежно од пријатели. Кога дојдовме до крајот на

проучувањето им дадов можност да постават прашања, да изразат некоја потреба или проблем. Тогаш се јави една средовечна жена која рече: „Одамна го чекав овој момент. Со години одев и талкав по разни цркви, но никаде не наидов на она што го сакам. Конечно почнав да доаѓам во Адвентистичката црква, но никој до сега не ме забележуваше. Донесов одлука: 'Ако оваа сабота никој ништо не ме праша, нема повеќе да доаѓам ниту во оваа црква. Но, сега се случи она што го сакав: контакт со 'пастирот'." Од таа сабота, оваа сестра вели: „Никогаш повеќе не изостанав ниту одев по други цркви!" Набргу станала член на нашата црква, а и „други овци" довела во црква.

И така, радоста за една загубена „овца" била голема и во црквата и на небото; радост поради една душа која се кае и која сака да напредува во христијанското растење кое се манифестира во фази кои водат до спасение.

„Рабините сметале дека Исусовата парабола се однесува на даночниците и грешниците; но таа има и пошироко значење. Со загубената овца Исус не претставува само одделни грешници, туку и светот кој отпаднал од Бога и бил опустошен од гревот. Овој свет е само атом меѓу бесконечните светови со кои управува Бог, а сепак тој малечок грешен свет - таа една загубена овца - е поскапоцен во неговите очи од деведесет и девет светови кои не заталкале од стадото. Омилениот Заповедник во небесните дворови, Исус, ја напуштил својата висока положба, ја одложил славата што ја имал кај Отецот за да го спаси тој еден загубен свет. Ги оставил безгрешните светови во вселената, деведесет и девет такви што го љубеле, и дошол на оваа земја да биде прободен за нашите гревови, да биде сотрен за нашите беззаконија (Исаија 53,5). Во својот Син Бог се дал себеси за да може да ја ужива радоста кога ја прима загубената овца која се враќа.

...Ако загубената овца не се врати во трлото, таа ќе лута сѐ додека не пропадне. Многу души заминуваат во пропаст затоа што нема подадена рака да ги спаси. Овие заталкани души можеби изгледаат тврди и безобѕирни, но кога тие би ги уживале истите

предимства што ги имале другите, можеби би покажале многу поголема благородност во душата и подобри способности за корисна служба. На ангелите им е жал за тие заталкани души. Ангелите плачат додека човечките очи се суви и срцата затворени за сомилост.

О колку е ретка таа длабока, трогателна сомилост кон заталканите и искушуваните! О кога би имале Христов дух, а помалку, многу помалку, себе и својот дух!“ (*Христовите параболи,* стр. 176,177).

Потоа, друго нешто, еден предмет што е загубен е металната паричка, која не била загубена во пустината туку во куќа.

Еве која акција се презема за да може таа мала метална паричка да се најде:

„Или која пак жена имајќи десет денари, ако загуби еден денар нема да ги запали свеќите и ќе почне да ја мете куќата и добро да бара, додека не го најде?“

На истокот куќите на сиромашните се состоеле само од една соба. Собата често пати била без прозорци, а поради тоа и многу темна. Собата била чистена само во ретки случаи и паричката која паднала на подот, лесно можела да се загуби во нечистотијата и прашината. Затоа губењето на паричката ја вознемирило жената. Сторила сè за да ја пронајде. Паричката не била голема и за некои не би било воопшто вредно таа да се бара. Но за оваа жена, која ја вреднувала паричката, губитокот го сметала за сериозна несреќа.

За да се најде таа паричка, требало денски да се запали свеќа и добро да се почисти куќата. Миразот на жената најчесто се состоел од ситни парички, која таа ги чувала како најголемо богатство, за да може да ги остави како наследство на своите ќерки. „А кога го најде, ќе ги викне пријателите и ќе им рече: Радувајте се со мене зашто го најдов загубениот сребреник“.

Оваа приказна е слична на приказната за загубената овца и го опишува губитокот на нешто што може да се најде само со вредно барање и кога ќе се најде предизвикува голема радост.

Кого го претставува овој денар, а кого жената? Изгубениот денар ги прикажува оние, кои се мртви во гревовите и беззаконијата, и не се свесни за својата состојба. Се отуѓиле од Бога, а за тоа воопшто и не се свесни ниту загрижени. Оваа парабола истакнува дека Бог ги љуби и сожалува дури и оние кои се рамнодушни кон неговите барања.

Денарот се загубил во куќата. Тој е многу близу, но сепак може да се најде само со вредно барање. Денарот е парче сребро и тогаш кога лежи во прав и нечистотија. Сопственикот на денарот го бара поради неговата вредност. Така е и со секоја поединечна душа. Колку и да е изопачена од гревот, таа сепак е драгоцена во Божјите очи.

„Жената“ го познава Бога; таа му служи на Бога и на ближните; таа ги пронаоѓа оние кои се загубени во „ноќта на гревот“. „Жената“ свети како сонце. Тоа е црквата која ги држи Божјите заповеди и ја има верата Исусова.

Едно момче во средбата со една наша сестра, првпат слушнало за Христа, за спасението, за Бога и вечниот живот. Ја прифатило Божјата реч. Тогаш неговиот лик добил сјај. Станал верник на црквата, а денес и проповедник.

Каде и да се наоѓаме, секаде нѐ чека „загубен денар“ што треба да го најдеме. Дали го бараме? Секој ден наидуваме на луѓе кои немаат никакво учество во религиозните работи. Можеби со нив разговараме, ги посетуваме, а притоа не покажуваме интерес за нивната духовна благосостојба.

Кој би можел да ја процени вредноста на една душа? Ако сакаш да ја запознаеш вредноста на душите, појди во Гетсиманија. Додека во подножјето на крстот размислуваш за сето она што било направено и изговорено таму, сети се дека Христос би го жртвувал својот живот дури и само за еден грешник. Тоа ќе ти помогне да ја цениш вредноста на една душа! А кога една душа ќе се врати кај Бога, тогаш се радува целото небо.

Овцата е загубена на пасиште, денарот се загубил во куќата, а третиот пример е загубениот син кој заминал во некоја „далечна земја“.

„Помладиот син му рече на татка си: „’Татко дај ми го делот од имотот што ми припаѓа мене’... И... помладиот син собра сè што беше негово и замина во далечна земја и таму го потроши својот имот живеејќи развратно... И... настана голем глад во таа земја, и тој се најде во скудност... И отиде и се здружи со еден тамошен човек... Јас умирам од глад... Ќе станам и ќе си појдам кај татко ми...“ (Лука 15,12-18).

Младиот син се чувствувал како во стеги во татковата куќа. Сметал дека неговата слобода е ограничена. Погрешно ја сфатил љубовта и грижата на таткото и донел одлука да ги следи своите лични склоности. Го загубил чувството на благодарност и одговорност кон својот татко. Окупиран со сегашноста бил заслепен за иднината и сè она што го доживеал надвор од домот на својот татко придонело да го добие името „загубен син“. Додека ја опивал својата совест и го заматувал својот разум се сметал за среќен, а кога останал без имот, понижен и гладен, морално пропаднат, неговата волја ослабела и сите благородни чувства изумреле.

Во ваква бедна состојба му останала надежта и мислата дека таткото сè уште го сака. Оваа љубов го влечела назад. Долго размислувал што да направи. Љубовта го сторила своето! Одлуката е донесена: „Ќе станам и ќе одам кај татка си... И ќе му речам: ’Татко згрешив спрема небото и пред тебе. Не сум веќе достоен да се нарекувам твој син.’“ Но, тој сè уште имал ограничено сфаќање за љубовта на својот татко: „Прими ме како еден од своите наемници“.

Љубовта има добро око. Ни долгите години грешен живот, ни изопаченоста на неговиот син не можела пред татковото око да го скрие лицето на синот. Прегратка, целивање, облека, обувки и прстен на раката, се доказ за љубовта која простува сè, дава слобода на движење и живот во домот, и потполна заштита од таткова страна.

Гозбата во татковата куќа е природна последица на враќањето на синот кој се покајал. Со трудот на пастирите, кои го претста-

вуваат Христа, овцата е пронајдена. Со трудот на жената, која ја претставува Божјата црква, пронајден е денарот. Со трудот на таткото, кој го претставува Бога, пронајден е загубениот син.

Овие три категории покајани грешници го претставуваат загубеното човештво. Без оглед на местото и состојбата на загубеност, најважен факт е дека тие се пронајдени и вратени на патот на животот.

„Колкумина од оние што заталкале си побарал и си вратил во трлото? Кога им го вртиш грбот на оние што се непривлечни и не ветуваат многу, сфаќаш ли дека ги занемаруваш баш тие души што ги бара Христос?... Ако загубената овца не се врати во трлото, таа ќе лута сè додека не пропадне. Многу души заминуваат во пропаст затоа што нема подадена рака да ги спаси... Бог да се приготвиме и да работиме за другите. Кога кругот на нашата грижа ќе се прошири и кога нашата љубов ќе се зголеми, на сите страни ќе најдеме работа за себе. Божјето големо човечко семејство го опфаќа цел свет и тоа не смее да биде занемарено од неговите членови.

Кој може да ја процени вредноста на една душа?.. Во подножјето на крстот, имајќи на ум дека Христос би го положил својот живот и за еден единствен грешник, и ти можеш да ја процениш вредноста на една душа!

Ако имате заедница со Христа, вие секое човечко суштество ќе го проценувате според Божјата процена. Вие ќе ја чувствувате кон другите истата длабока љубов што ја чувствувал Христос кон вас... Во ова дело соработуваат сите небесни ангели. Сите небесни извори им стојат на располагање на тие што се трудат да ги избават загубените. Ангелите ќе ви помогнат да ги досегнете и најнемарните и најтврдите. И кога еден од нив ќе се врати кај Бога, ќе се радува цело небо; серафимите и херувимите ќе ги земат своите златни харфи и ќе му пеат слава на Бога и на Јагнето заради нивната милост и добрина кон синовите човечки“ (*Христовите параболи*, стр. 182).

*Сабота, 7 март 2026*

мисионска проповед

## „ГИ БАРАМ МОИТЕ БРАЌА...“

**1. Мојсеева 37,16**

Си биле дванаесет браќа. Имале само еден татко, но мајките им биле различни. Меѓутоа, она заедничкото го примиле од таткото. Приказната ни кажува дека не биле секогаш сложни. Напротив, често мислењата им биле спротивставени. Понекогаш се карале. Сепак, таткото на сите им дал една заедничка задача: да го чуваат неговото стадо. Така, тие биле пастири на своето стадо, а исто така и на едно големо стадо - пастири на стадото на својот татко.

Рахила, која Јаков посебно ја сакал и за која жртвувал многу години тешка работа, доста доцна му ги подарила двајцата најмлади синови, Јосиф и Венијамин. За Јосифа едноставно се вели дека таткото често го праќал да види како му се браќата. Таткото многу го сакал Јосифа, веројатно повеќе од сите синови. Тоа човечки би можело да се разбере, зашто му се исполнила желбата која долго ја негувал и за која копнеел, Рахила му дарувала син. Зар Јосиф не бил Божји дар? Јосиф добил една убава работа, да го пасе стадото. Исус и на Петар му ја дал истата задача дури откако трипати запрашал: „Дали ме сакаш?“

Ние навистина треба да го сакаме Бога со цело срце, а своите ближни како сами себе, односно нашето стадо и нашите браќа кои исто така се пастири. „Добриот пастир“ ни го наложил ова.

Еден ден Јосиф добил налог: „Види како се браќата твои!“ Јосиф веднаш бил подготвен, иако патот бил тежок. Можеби таткото некое време не слушнал ништо за нив и за стадата, па бил сериозно загрижен. Дали му било тешко на младиот Јосиф да ги бара своите браќа? Зарем Јосифовиот одговор не бил драгоцено наследство на верата на неговиот татко Израел, кој на потокот Јавок му се предал целосно на Господа и кажал: „Еве ме!“ Јосиф

исто бил посветен на тоа. Го примил татковиот налог сега бил подготвен да го оствари под какви било услови.

Јосиф ги бара своите браќа, не туѓинци, не слугите! Тој ги барал своите родени браќа. Патот бил тежок. Петнаесеттиот стих вели дека талкал и тогаш „го најде еден човек". На прашањето на туѓинецот Јосиф дава единствен одговор полн со љубов и со преданост: „Ги барам моите браќа...".

Како крик на жедна душа се разлеале Јосифовите зборови во пустината. Тоа не бил само татковиот налог, тоа била неговата љубов кон браќата. Ах, како некој бргу се ослободува од непријатниот налог кога нема веднаш да стигне до целта!

И во оваа пригода можело бргу да се најде некое оправдување. Па, тој сам веќе долго талкал. Меѓутоа, Јосиф не направил така. „Ги барам моите браќа!" Сепак, тие се мои браќа, имаат ист татко како и јас, имаат ист налог како и јас, да ги чуваат стадата на татко ми, да ги бранат од диви ѕверови и од крадци, но и да ги водат на добри пасишта. Веќе подолго време таткото не слушнал ништо за нив, врската била прекината „и сега таткото ме праќа по браќата, по своите синови". Често упатувал кратка сесрдна молитва која се подигала кон Бога: „Оче, дај да ги најдам моите браќа!" Конечно, по подолго барање тој ги наоѓа. Радоста што ги пронашол браќата ја разбудила во него и последната сила и така тој стигнува до нив уморен и изнемоштен, но во исто време и радосен. Да не го обземал можеби страв наместо радост? Не. Па тој е нивен брат! Татко им сам го испратил кај нив. Само крај нив се чувствувал сигурен и заштитен.

Јосиф не знаел ништо, дури не можел и да ја насети борбата која се водела во срцата на неговите браќа. Со години многу нешта се насобрале. Кој може да го носи повеќе тој тежок товар? Текстот вели: „А тие го здогледаа оддалеку, и додека уште не беше стигнал до нив, почнаа да се договараат како да го убијат" (стих 18).

Да го убијат брата си - тоа е страшна помисла! Да, самата помисла е клетва, грев и прекршување на законот. Така нè учи Исус.

Зошто отишле толку далеку? Зар во ушите не им одекнувале Божјите зборови упатени на Каин: „Нема ли да бидеш мил кога правиш добро... и Каине, зошто се помрачи лицето твое?“ (1. Мојсеева 4,6.7).

Тие го задушиле гласот на совеста, не сакале да го послушаат. Тој мора да исчезне, тие не можат повеќе да го гледаат. Не му е доволно што таткото постојано го истакнува само него, туку доаѓа уште со соништа кои се неприфатливи и мисли дека е подобар од сите нас? Па зар и самите родители да му се поклонат? Кој може да поднесе такво нешто? А освен тоа, таткото му прави и шарена облека, само да биде позабележителен. Не, тие не можат повеќе тоа да го поднесат, тие не го сакаат...!

Кажете, што можел да направи Јосиф што таткото повеќе го сакал, што да направи кога сонувал такви соништа кои простодушно и едноставно ги кажувал? Што можел да направи кога таткото му направил шарена облека? А да не ја зел од таткото, можеби таткото би се разжалостил, бидејќи сакал да го направи порадосен. Не судете. Не осудувајте! Но, залудно. Тие повеќе не го слушаат Божјиот глас. Мора да замине. Тие него, својот брат, не можат повеќе да го гледаат.

Планот на Рувим пропаднал, иако се обидел да го спаси својот брат. Јосиф никако нема да може да го исполни татковиот налог. Тие го грабнале и му ја соблекле шарената облека. Колку долго таа им била трн во окото! Зошто и тој не може да биде задоволен со она што сите го имаат? О, таа шарена облека! Колку јадови му нанела на оној кој ја поседувал и на оние кои ја гледале на него? А тој, Јосиф, не може да направи ништо против тоа.

Кажи, дали си носел и ти некоја „шарена облека“? Или си видел кај некој друг „шарена облека“? Сети се на зборовите: „Не може човек ништо да прими, ако не му е дадено од небото!“ (Јован 3,27).

Некој има еден талент, некој има два, некој има пет. Ги добил од Бога и секој треба да работи со нив и да поднесе сметка за тоа.

Браќата го фрлиле Јосифа во дупка и уште можеле мирно да

јадат! Да, тие им го продале на Исмаилците. Татко им го прелажале и го довеле скоро до гроб. Колку далеку може човек да стигне во својата заслепеност? Колку ли јадови и маки за таткото!

Колку е нажален и расплакан нашиот Небесен татко кога Неговите деца и браќа не живеат во мир. Оди, побарај ги своите браќа! И Јосиф оди преку брда и долини. Останува верен на Господа. Татко му сам го испратил да ги бара своите браќа. Колку бил долг патот, преку какви искушенија морал да помине, но исто така и неговите браќа и неговиот татко. Она што им се дава на мал број луѓе, тоа се случило со него: Господ можел Јосифа да го подигне од најтемните длабини до највисоко човечко достоинство. Ретко кој човек може да поднесе. Но, тој не си служел себеси, тој му служел на Господа и сè уште ги барал своите браќа.

Колку силно му чукало срцето кога Господ, по толку години, ги довел браќата кај него. Требало да ги задобие нивните срца. Бог сега го употребил и уште повеќе, а тоа е да биде соработник со Бога во делото неговите браќа да станат вистински и добри пастири на својот народ.

Сега дошле на нив такви искушенија кои откриле пред Јосиф дека многу научиле во изминатите години. Сега покажале дека го сакале својот најмал брат и дека никогаш не би го продале или предале заради добивка. Тие знаеле колку таткото го сакал Венијамина. Тие не би можеле да поднесат да му нанесат на својот татко уште една таква болка. Сега зборувале за својот брат Јосиф и за неговите очи полни со страв кога пред многу години го продале. А тој слушнал и сè сфатил, ги препознал своите браќа и видел дека тие во меѓувреме навистина се покајале и дека станале негови вистински браќа. Да, Јуда дури сака да се жртвува за најмалиот...

Јосиф не можел повеќе да издржи и им се открил на браќата. „Јас сум Јосиф...“ О, колкава радост! Конечно браќата се пронашле. Каква радост за разочараниот татко! Сега и тој може да дојде, со целото стадо. Ним им ја дал најдобрата земја.

Јосиф бил навистина добар пастир, тој ги барал срцата на сво-

ите браќа додека навистина не ги пронашол. По смртта на таткото, браќата стоеле уште еднаш пред Јосифа уплашени и расплакани, а тој им рекол: „Не плашете се, зар јас не сум по Бога...!“

Денес, исто како и тогаш, дали сиромашен или во зандана или богат или возвишен, не сум бил и нема да бидам неверен на Бога. Не плашете се! Па јас сум толку среќен што вас, моите браќа, ве пронајдов среде овој голем свет!

Ги барам моите браќа! Сите ние имаме различни мајки, различно сме надарени, но зар немаме сите еден Татко? Зар не сме сите пастири на Неговото стадо?

„Оди и види како се браќата твои и како е добитокот, и јави ми“ (1. Мојсеева 37,14).

Градиво за саботна школа
МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ
1/2026
Излегува тримесечно

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Техничка подготовка:
Мелита Томовска

Одговара: Илија Киров

За интерна употреба